# Билтен

*Октомври '08*

ИНСТИТУТ
ЗА ЕКОНОМСКИ
СТРАТЕГИИ И
МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ
ОХРИД


*Институтот ОХРИД стана дел од меѓународната мрежа - ЕИЦЕЕ.......................стр.2*

*Промоција на новата книга на професорот Томе Неновски "Структура на јавните финансии во Република Македонија "..................................................................стр.3*

*Летен Семинар, 10-17 Август во замокот Њувалдег во Виена, Австрија.............. стр. 4*

*НАТО Работилница за напредно истражување 19-21 Септември, Скопје...........стр.4*

*Институтот ОХРИД го издаде Националниот извештај за конкурентност на Република Македонија ……………………………………………………………..стр.6*

# Институтот ОХРИД стана дел од меѓународната мрежа - ЕИЦЕЕ

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД стана дел од мрежата на Образовната иницијатива за централна и источна Европа (ЕИЦЕЕ). ЕИЦЕЕ се наоѓа во Вашингтон и претставува меѓународна непрофитна организација која има свои претставништва во Австрија, Виена - Њувалдег Институт, во Чешка, Прага – Цивик Институт, во Будимпешта, Унгарија - Институтот за демократија и меѓународна безбедност, во Софија, Бугарија - Институтот за пазарна економија и во Талин, Естонија - Фондацијата за истражување на злосторствата во комунизмот.

Мисијата на ЕИЦЕЕ е да помогне во промовирањето и зацврстувањето на слободните демократски општества во регионот. Сето ова го постигнува со организирање трениnзи, публикации и студии за прашања кои се од голема важност, за тоа како одредени нации се опоравуваат од децениската транзиција.

Основачите на Институтот ОХРИД веруваат дека со стапувањето дел од ЕИЦЕЕ, оваа меѓународна организација ќе помогне за натамошно остварување на целите на Институтот во Македонија и пошироко.

Со стапувањето дел од ЕИЦЕЕ, всушност Институтот ОХРИД стана дел од уникатнатата структура во централно-источна Европа.

Мрежата го помогна остварувањето на целите на Институтот ОХРИД во поглед на образованието т.е. стремеж кон новитети, силно образование, врвни професори од странство и Македонија и можност за европско и светско учење.

# Промоција на новата книга на професорот Томе Неновски "Структура на јавните финансии во Република Македонија "



На 10-ти јули 2008 година, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ја издаде и ја промовираше книгата на Професорот Томе Неновски „Структура на јавните финансии во Република Македонија". Промоцијата се одржа во хотел Холидеј Ин каде огромната посетеност од страна на македонските граѓани, академци, студенти, политичари и новинари, беше потврда за заинтересираноста и потребата за оваа книга во Република Македонија.

Институтот ОХРИД од своето формирање во редот на експерти го има и реномираниот експерт, Професорот Неновски. Издавањето на оваа книга претставува големо задоволство и гордост за Институтот ОХРИД.

Начинот на кој што е структурирана оваа книга, може да добие третман на своевиден прирачник за сите лица што се ангажирани во реализацијата на системот на јавни финансии на централно и локално ниво. Своевидно, книгата може да претставува корисно четиво и за сите институции, стопанственици и граѓани, кои, директно или индиректно се вклучени во системот на создавање или на трошење на јавните средства.



На промоцијата, Професорот Неновски ја истакна иницијативата за пишување на оваа книга и есенцијата која ја содржи во себе. Промотори на оваа книга беа Професор д-р Марјан Бојаџиев, Универзитет Американ Колеџ, д-р Снежана Костадиноска – Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии и м-р Билјана Јанева, Извршен директор на Институтот ОХРИД. Д-р Снежана Костадиноска Милошеска исто така ја напиша и рецензијата за оваа книга.



Како што беше напоменато на самата промоција, Професорот Неновски, како реномиран автор досега има напишано 6 книги (за комплексните прашања од полето на макроекономијата и банкарството) и повеќе од 260 научни студии објавени во домашни и странски весници и списанија. Со пишувањето на сите овие публикации Професорот Неновски внесе директен придонес во моделирањето на економијата во земјава, посебно во клучните моменти, како независноста на Македонија и поставувањето на темелите на

економскиот систем. Промоторите на оваа книга истакнаа дека присуството на Професорот Неновски во медиумите има огромно влијание врз креаторите на политиката, оние кои треба да го пренесат истото до јавноста заинтересирана да го види што побрзо крајот на транзицијата.

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ја препозна потребата за издавање на оваа книга, нејзиното значење за македонската економија воопшто, и за таа цел го помогна издавањето и промовирањето на истата.







## Летен Семинар, 10-17 Август во Институтот Њувалдег во Виена, Австрија



Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД како дел од Образовната иницијатива за Централна и Источна Европа (ЕИЦЕЕ) за прв пат испрати свои студенти на Летен семинар кој се оддржа во Замокот Њувалдег, Виена, Австрија во периодот од 10-17 август 2008 година. Најдобрите студенти избрани на конкурсот на Институтот ОХРИД беа испратени да присуствуваат на овој семинар. 60 студенти од 18 земји од Централна и Источна Европа учествуваа на оваа школа. Македонските студенти од различни факултети вклучувајќи филозофија, политички науки, бизнис и право, имаа можност да учат етика, био-етика и политичка филозофија слушајќи предавања од светски познати и реномирани професори.





# НАТО Работилница за напредно истражување 19-21 Септември, Скопје

Во периодот од 19-22 септември во хотел Арка во Скопје се одржа Работилницата за напредно истражување на тема „Развој на идејни и политички мислења за националните и регионалните стратегии за безбедност во Југо-Источна Европа, базирана на сценарија“, во организација на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, а во соработка со Атлантскиот клуб од Бугарија.

Напредната истражувачка работилница за развивање на концептуални и политички согледувања за национални и регионални безбедносни стратегии во Југоисточна Европа основана на сценарија, е спонзорирана од Програмата на НАТО наречена Програма - Наука за Мир и Безбедност, (NATO Science for Peace and Security Programme). Целта на оваа Програма е да придонесе кон безбедноста, стабилноста и солидарноста помеѓу нациите, со примена на најдобрите технички искуства во решавањето на проблемите. Соработката, вмрежувањето и изградбата на капацитетите се инструментите кои се користат за постигнување на оваа цел. Дополнителна цел е да се олесни континуираниот демократски пристап и поддршка на економскиот развој во партнерските држави на НАТО.  Работилницата беше во целост успешна.




Работилницата имаше свечено отварање на кое свое обраќање имаа почесните гости на Институтот ОХРИД, Министерот за одбрана на Република Македонија г-дин Зоран Коњановски; Н.Е. Алан Брајан Бергант, Амбасадор на Словенија и контакт Амбасада на НАТО; и Поранешниот Министер за надворешни работи на Бугарија и Советник на Премиерот на Република Македонија за пристапувањето кон НАТО, г-дин Соломон Паси.

Почесните гости ја истакнаа благодарноста до Институтот ОХРИД за одржување на оваа конференција која е од големо значење за сите земји во регионот. Оваа конференција е прва од ваков вид организирана во регионот, а од големо значење е и поддршката од НАТО за одржување на истата.



Институтот ОХРИД како организатор, смета дека општествените науки се покажаа како многу ефикасен двигател на меѓународниот дијалог поради нивната универзалност и зависност од меѓународните мрежи, за што сведочи и оваа работилница. Знаењето кое е составен дел на овие научни мрежи може да се примени на растечките закани со кои се соочува Алијансата. Науката е истовремено и инструмент за давање на одговор на најважните прашања и начин за поврзување на нациите. Експертите по економија, политички науки, социологија, безбедност, екологија и одбрана толкуваа алтернативен развој на овие фактори и услови кои го утврдуваат „Балканското безбедносно опкружување“. Со користење на посебен софтвер, работилницата генерираше остварливи сценарија за регионот во перспектива на следните 10 години, започнувајќи со анализа на тоа што се случува на Балканот и дискусија за она што може да очекуваме дека ќе се случува од поширок безбедносен аспект.

Работилницата претставува значителен придонес за толку потребното базично ре-обмислување на аналитичката рамка за евалуација на шансите и ризиците за демократска, безбедна и просперитетна иднина на Балканот, и воведување на сценарио методот како инструмент за модерно и ефективно помагање на процесот на донесување одлуки.







# Институтот ОХРИД го издаде
# Националниот извештај за конкурентност на Република Македонија




Иснтитутот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД го издаде Националниот Извештај за конкурентност на Република Македонија. Извештајот претставува економска анализа која ги содржи најсуштинските индикатори на конкурентноста во Република Македонија.

Овој извештај има за задача да го продолжи процесот на анализа и известување за промените во поглед на конкурентноста на македонската економија. Со цел за поголема афирмација на Извештајот и негово приближување кон сите заинтересирани, Институтот ОХРИД го преведе на англиски јазик и го публикуваше истиот во две јазични верзии, македонски и англиски.

Извештајот треба да даде една комплетна слика за постојниот степен на конкурентната способност на македонската економија, со цел да се помогне при дефинирањето на можни стратегии за натамошно подобрување на конкурентноста на домашните фирми.

Дефинирајќи ја конкурентноста како низа на мерки, политики и фактори кои го одредуваат нивото на продуктивност на една држава, концептот на конкурентност вклучува статички и динамички компоненти. Имено, високата продуктивност ја одредува способноста на една држава за остварување на високи приходи, а истовремено е и централна детерминанта на приносот на инвестициите, што пак од своја страна е еден од основните фактори кој го одредува потенцијалот за раст на дадена економија.
Македонија се движи кон рамноправно членство во ЕУ, па затоа од особено значење за Македонија е да се споредат трендовите во ЕУ со оние во Македонија во делот на конкурентност. Со издавањето на овој извештај сите засегнати институции ќе имаат увид за извршување на компарација и подобрување на сегментите во таа сфера.
Иницијативата, пишувањето и публикувањето на овој Извештај потекнува од јавното-приватно партнерство помеѓу Институтот ОХРИД, Владата на Република Македонија, Центарот за економски анализи, Националниот совет за претприемништво и конкурентност, УСАИД проектот за деловно опкружување, ГТЗ – Германското друштво за техничка соработка и Македонската развојна фондација за претпријатија.

IMPRESSUM:

Издавач: Институт за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД

Извршен Директор, м-р Билјана Јанева

Ул. Димитрије Туцовиќ,
1000 Скопје
Република Македонија

Телефон/факс +389 2 322 44 57

info@oi.org.mk